Договарачот за времетраење на осигурувањето ги има следните можности за промени на договорот:

- Промена на лични податоци – во секое време
- Промена на корисници на осигурување – во секое време
- Промена на начин на плаќање – на почеток на платежна година (скаденца)
- Зголемување на осигурен износ – на почеток на платежна година (скаденца)
- Намалување на осигурен износ (делумна капитализација) – на почеток на платежна година (скаденца)
- Капитализација (осигурување ослободено од плаќање премија) - по истек на една десеттина од траење на осигурувањето или истек на три години за осигурување склучено на повеќе од 30 години, ако за тој период се платени премиите во целост. Висината на капитализирананиот осигурен износ се пресметува врз основа на техничките начела на Граве и не смее да биде помал од 230 евра.
- Аконтација - по истек на третата година од траење на осигурувањето можна е аконтација по полиса. При аконтација може да се исплати највеќе до 80% од откупната вредност. Каматата на аконтацијата се пресметува од износот на аконтацијата со каматна стапка согласно Одлука за висината на каматната стапка.
- Реактивација – ако полисата е сторнирана (не е исполнет услов за капитализација), договарачот на осигурувањето има право на реактивација најдоцна до три години од моментот на сторно, при што мора да се доплатат сите заостанати премии до моментот на реактицација. Ако полисата е капитализирана, договарачот на осигурувањето има две опции:
    - да ја реактивира полисата со доплата на заостанатите премии, при што се враќа на почетниот осигурен износ. Ова може да се направи најдоцна три години од моментот на капитализација.
    - да ја реактивира со пауза при што се пресметува нов осигурен износ, а капитализираниот износ останува непроменет. Ова може да се направи во било кое време.

  Во секој од случаите потребно е да се пополни изјава за здравствена состојба.

- Откуп – по истек на 3 години, ако за тој период е платена премијата во целост. Откупната вредност се пресметува врз основа на техничките начела на Граве.

**Дополнителни осигурувања по тарифа СМАРТ**

**УТЗ** - Со тарифата Смарт задолжително се вклучува и дополнително осигурување во случај на смрт како последица од несреќен случај (УТЗ). Осигурениот износ по УТЗ мора да биде еднаков на осигурениот износ по тарифата за доживување, освен во случај на осигурен износ повисок од 5.000 евра. Ако осигурениот износ за доживување е повисок од 5.000 евра, тогаш осигурениот износ за УТЗ ќе биде 5.000 евра. Тоа значи дека највисок осигурен износ по УТЗ е 5.000 евра.

**УИ** – Со тарифата Смарт може да се вклучи и дополнително осигурување од инвалидност како последица на несреќен случај незгода (УИ). Ако дојде до траен инвалидитет како последица на несреќен случај, се исплаќа онолку проценти од осигурениот износ за случај на инвалидитет колку што е инвалидитетот утврден во проценти. Дополнително објаснување за УИ тарифата е дадено во прилог на овој документ.

**АУЗ** - Со тарифата Смарт може да се вклучи и дополнително осигурување за ослободување од плаќање премија за време на работна неспособност (АУЗ), во согласност со условите кои важат. Премијата за АУЗ завршува најкасно со навршени 50 години живот на осигуреникот. Дополнително објаснување за АУЗ тарифата е дадено во прилог на овој документ.

**КОДЗ** - Со тарифата Смарт може да се вклучи и дополнително осигурување за хируршка интервенција (операција) во случај на незгода или болест (КОДЗ). Во случај на потреба од хируршка интервенција при незгода или болест на осигуреникот, се исплаќа договорен процент од осигурениот износ утврден врз основа на Табелата на хируршки интервенции. Дополнително објаснување за КОДЗ тарифата е дадено во прилог на овој документ.

**За сите отстапувања од горнавеите ограничувања, а кои се во рамките на техничките основи на соодветната тарифа и максималното покритие согласно Програмата за реосигурување потребно е посебно одобрување од директорот.**

## ПАКЕТ СМАРТ СО ЕДНОКРАТНО ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

Тарифа ЕРД11 - Осигурување на живот во случај на доживување со поврат на уплатената премија во случај на смрт за едно лице со пресметка на добивка и еднократна уплата на премија

Покриени ризици:

- **Во случај на доживување се исплаќа:**
  - Договорениот осигурен износ за осигурување на живот;
  - Вкупно припишана добивка која му припаѓа
- **Во случај на смрт на осигуреникот се исплаќа :**
  - Еднократно уплатената премија за осигурување на живот без пресметани доплати;
  - Припишана добивка која му припаѓа до моментот на смртта на осигуреникот

| **Договарач на осигурување:** | Секое правно или физичко лице со наполнети 18 години живот |
|---|---|

| **Пристапна старост на осигуреник** | |
|---|---|
| Долна граница на пристапна старост | 15 години |
| Горна граница на пристапна старост | 65 години |
| Горна старосна граница за истек на осигурување | 75 година |

| **Траење на осигурување** | |
|---|---|
| Минимално траење на осигурување | 3 години |
| Максимално траење на осигурување | 40 години |

| **Ограничувања за осигурени износи** | |
|---|---|
| Минимален осигурен износ | 1.000 € |
| Максимален осигурен износ | 150.000 € |

*Забелешка: За осигурени износи преку 150.000 евра, потребно е одобрување од директор.*

Во случај еден осигуреник да има повеќе од една полиса, покрај индивидуалните ограничувања по полиса, при полисирање на новата полиса се применуваат ограничувања за лекарски прегледи кои важат за збирот на осигурените суми од двете полиси.

Договарачот за времетраење на осигурувањето ги има следните можности за промени на договорот:

- Промена на лични податоци – во секое време
- Промена на корисници на осигурување – во секое време
- Откуп – по истек на прва година, ако за тој период е платена премијата во целост. Откупната вредност се пресметува врз основа на техничките начела на Граве.

| **Не е дозволено** | |
|---|---|
| Индексација | Не |
| Капитализација | Не |
| Намалување на осигурен износ | Не |
| Зголемување на осигурен износ | Не |
| Дополнителни осигурувања | Не |

**За сите отстапувања од горнавеите ораничувања, а кои се во рамките на техничките основи на соодветната тарифа и максималното покритие согласно Програмата за реосигурување потребно е посебно одобрување од директорот.**

## ПАКЕТ ГРАВЕ КИДС

Тарифа ЕРД1Ј - Осигурување на живот во случај на доживување со поврат на уплатени премии во случај на смрт за едно лице со пресметка на добивка (без лекарски преглед)

Покриени ризици:

- **Во случај на доживување се исплаќа:**
  - Договорениот осигурен износ за осигурување на живот;
  - Вкупно припишана добивка која му припаѓа
- **Во случај на смрт на осигуреникот се исплаќа:**
  - Збир од уплатени премии за осигурување на живот до моментот на смртта на осигуреникот без пресметани доплати;
  - Припишана добивка која му припаѓа до моментот на смртта на осигуреникот

| **Договарач на осигурување:** | Секое правно или физичко лице со наполнети 18 години живот |
|---|---|

| **Пристапна старост на осигуреник** | |
|---|---|
| Долна граница на пристапна старост | 0 години |
| Горна граница на пристапна старост | 14 години |
| Горна старосна граница за истек на осигурување | 25 година |

| **Траење на осигурување** | |
|---|---|
| Минимално траење на осигурување | 6 години |
| Максимално траење на осигурување | До 25-та година живот на осигуреникот |
| Максимално траење на плаќање на премија | Не подолго од договореното траење на осигурувањето |

| **Ограничувања за премија** | |
|---|---|
| Минимална годишна премија | 200 € |

| **Начин на плаќање на премија** | **Минимална годишна премија** | **Доплата за плаќање на премија на рати** |
|---|---|---|
| Годишно | 200 € | без доплата |
| Полугодишно | 300 € | 2% |
| Квартално | 550 € | 4% |
| Месечно* | 550 € | 6% |

**Забелешка: Месечно плаќање на премија е дозволено само во случај кога договарач на осигурувањето е правно лице.*

| **Ограничувања за осигурени износи** | |
|---|---|
| Минимален осигурен износ | 1.000 € |
| Максимален осигурен износ | 150.000 € |

*Забелешка: За осигурени износи преку 150.000 евра, потребно е одобрување од директор.*

Во случај еден осигуреник да има повеќе од една полиса, покрај индивидуалните ограничувања по полиса, при полисирање на новата полиса се применуваат ограничувања за лекарски прегледи кои важат за збирот на осигурените суми од двете полиси.

Кај КИДС тарифата дозволена е **индексација**, односно прилагодување на осигурените износи во согласност со статистичките податоци за индексот на трошоците за живот во Австрија. Прилагодувањето на осигурените износи се врши ако порастот на трошоците за живот од почетокот на траењето на осигурувањето, односно од последното прилагодувањето на осигурениот износ е поголем од 5% и предизвикува пораст на премијата поголем од 5%. Во

согласност со зголемувањето на осигурениот износ се врши и зголемување на премијата за осигурување за наредниот период на траење на договорот за осигурување.

Ако е склучено и дополнително осигурување за случај на смрт, осигурениот износ за дополнителното осигурување се зголемува во согласност со зголемените осигурени износи за основното осигурување на живот.

Договарачот на осигурувањето може да договори индексација во моментот на склучување на договорот за осигурување или за времетраење на договорот за осигурување, но најдоцна пет години пред истек на договорот. Индекс може да се вклучи само ако осигурениот износ е поголем од **3.500 евра**.

Договарачот може да побара укинување на индексацијата во секое време, при што промените почнуваат да важат со почетокот на следната платежна година. Индексација не се пресметува:

- Ако договарачот на осигурувањето не договорил клаузула за индексација;
- Последните пет години од траење на договорот;
- Ако осигурувањето е целосно ослободено од плаќање на премија (капитализација)

Договарачот за времетраење на осигурувањето ги има следните можности за промени на договорот:

- Промена на лични податоци – во секое време
- Промена на корисници на осигурување – во секое време
- Промена на начин на плаќање – на почеток на платежна година
- Зголемување на осигурен износ – на почеток на платежна година
- Намалување на осигурен износ (делумна капитализација) – на почеток на платежна година
- Капитализација (осигурување ослободено од плаќање премија) - по истек на една десетина од траење на осигурувањето, ако за тој период се платени премиите во целост. Висината на капитализиранaниот осигурен износ се пресметува врз основа на техничките начела на Граве и не смее да биде помал од 230 евра.
- Аконтација - по истек на третата година од траење на осигурувањето можна е аконтација по полиса. При аконтација може да се исплати највеќе до 80% од откупната вредност. Каматата на аконтацијата се пресметува од износот на аконтацијата со каматна стапка согласно Одлука за висината на каматната стапка.
- Реактивација – ако полисата е сторнирана (не е исполнет услов за капитализација), договарачот на осигурувањето има право на реактивација најдоцна до три години од моментот на сторно, при што мора да се доплатат сите заостанати премии до моментот на реактицација. Ако полисата е капитализирана, договарачот на осигурувањето има две опции:
    - да ја реактивира полисата со доплата на заостанатите премии, при што се враќа на почетниот осигурен износ. Ова може да се направи најдоцна три години од моментот на капитализација.
    - да ја реактивира со пауза при што се пресметува нов осигурен износ, а капитализираниот износ останува непроменет. Ова може да се направи во било кое време.

  Во секој од случаите потребно е да се пополни изјава за здравствена состојба.
- Откуп – по истек на 3 години, ако за тој период е платена премијата во целост. Откупната вредност се пресметува врз основа на техничките начела на Граве.

### Дополнителни осигурувања по тарифа КИДС

**УТЗ** - Со тарифата КИДС може да се вклучи и дополнително осигурување во случај на смрт како последица од несреќен случај (УТЗ). Во случај на смрт од последици на несреќен случај на осигуреникот, на корисникот или корисниците се исплаќа осигурениот износ по УТЗ, кој изнесува 2.500 евра, при што се плаќа фиксна годишна премија од 3,75 евра.

**УИ** – Со тарифата КИДС може да се вклучи и дополнително осигурување од инвалидност како последица на несреќен случај незгода (УИ). Ако дојде до траен инвалидитет како последица на несреќен случај, се исплаќа онолку проценти од осигурениот износ за случај на инвалидитет колку што е инвалидитетот утврден во проценти. Се применуваат следните комбинации за УИ:

| Покритие | Осигурен износ | Болничка дневница | Нето премија |
|---|---|---|---|
| Star | 5.000 € | 4 € | 15 € |
| Sun | 10.000 € | 8 € | 30 € |

*Забелешка: УИ комбинациите Star и Sun можат да се договорат со било која премија за осигурување на живот.*

**За сите отстапувања од горнавеите ограничувања, а кои се во рамките на техничките основи на соодветната тарифа и максималното покритие согласно Програмата за реосигурување потребно е посебно одобрување од директорот.**

## ГРАВЕ КИДС СО ЕДНОКРАТНА УПЛАТА НА ПРЕМИЈА

**Тарифа ЕРД11Ј -** Осигурување на живот во случај на доживување со поврат на уплатената премија во случај на смрт за едно лице со пресметка на добивка и еднократна уплата на премија

Покриени ризици:

- **Во случај на доживување се исплаќа:**
  - Договорениот осигурен износ за осигурување на живот;
  - Вкупно припишана добивка која му припаѓа
- **Во случај на смрт на осигуреникот се исплаќа:**
  - Збир од уплатени премии за осигурување на живот до моментот на смртта на осигуреникот без пресметани доплати;
  - Припишана добивка која му припаѓа до моментот на смртта на осигуреникот

| **Договарач на осигурување:** | Секое правно или физичко лице со наполнети 18 години живот |
|---|---|

| **Пристапна старост на осигуреник** | |
|---|---|
| Долна граница на пристапна старост | 0 години |
| Горна граница на пристапна старост | 14 години |
| Горна старосна граница за истек на осигурување | 25 година |

| **Траење на осигурување** | |
|---|---|
| Минимално траење на осигурување | 3 години |
| Максимално траење на осигурување | До 25-та година живот на осигуреникот |
| Максимално траење на плаќање на премија | Не подолго од договореното траење на осигурувањето |

| **Ограничувања за осигурени износи** | |
|---|---|
| Минимален осигурен износ | 1.000 € |
| Максимален осигурен износ | 150.000 € |

Во случај еден осигуреник да има повеќе од една полиса, покрај индивидуалните ограничувања по полиса, при полисирање на новата полиса се применуваат ограничувања за лекарски прегледи кои важат за збирот на осигурените суми од двете полиси.

Договарачот за времетраење на осигурувањето ги има следните можности за промени на договорот:

- Промена на лични податоци – во секое време
- Промена на корисници на осигурување – во секое време
- Откуп – по истек на прва година, ако за тој период е платена премијата во целост. Откупната вредност се пресметува врз основа на техничките начела на Граве.

| **Не е дозволено** | |
|---|---|
| Индексација | Не |
| Капитализација | Не |
| Намалување на осигурен износ | Не |
| Зголемување на осигурен износ | Не |
| Дополнителни осигурувања | Не |

**За сите отстапувања од горнавеите ограничувања, а кои се во рамките на техничките основи на соодветната тарифа и максималното покритие согласно Програмата за реосигурување потребно е посебно одобрување од директорот.**

## ПАКЕТ ГРАВЕ ЕЛИТЕ 20 ПЛУС + УТЗ (+ УИ)

**Тарифа ГДД1 -** Мешовито осигурување на живот во случај на смрт, доживување и настанување на одредени тешки болести со пресметка на добивка и со плаќање на премии за цел период на траење на осигурувањето или со плаќање на премии за скратено траење

**Тарифа УТЗ -** Дополнително осигурување во случај на смрт како последица од несреќен случај

Покриени ризици:

- **Во случај на доживување се исплаќа:**
  - Договорениот осигурен износ за осигурување на живот;
  - Вкупно припишана добивка која му припаѓа
- **Во случај на природна смрт на осигуреникот се исплаќа :**
  - Договорениот осигурен износ за осигурување на живот;
  - Припишана добивка која му припаѓа до моментот на смртта на осигуреникот
- **Во случај на смрт на осигуреникот како последица на несреќен случај:**
  - Два договорени осигурени износи за осигурување на живот;
  - Припишана добивка која му припаѓа до моментот на смртта на осигуреникот
- **Во случај на настанување на една од дваесетте тешки болести кај осигуреникот**
  - Договорениот осигурен износ за осигурување на живот;
  - Вкупно припишана добивка која му припаѓа
- **Во случај на настанување на одредена тешка болест кај детето на осигуреникот од 3 до 18 години се исплаќа:**
  - Една четвртина односно 25% од осигурениот износ, но не повеќе од 7.500 евра

Осигурителното покритие за дете опфаќа ризик од настанување на само еден осигурен случај по дете во текот на траење на осигурувањето.

| Покритие за 20 тешки болести кај осигуреник | |
|---|---|
| Срцев инфаркт | Замена на срцеви залистоци (валвули) |
| Бајпас операција на коронарни артерии | Бенигнен мозочен тумор |
| Карцином | Кома |
| Мозочен удар | Хронично заболување на црниот дроб |
| Хронично заболување на бубрезите | Терминална хронична опструктивна болест на белите дробови |
| Трансплантација на органи | Загуба на екстремитети |
| Мултипла склероза | Тешка траума (повреда) на главата |
| Парализа (одземеност) | Тешки изгореници |
| Слепило | Губење на гласот и функција на говорот |
| Операција на аорта | Глувост (загуба на слухот) |

| Покритие за 12 тешки болести кај дете | |
|---|---|
| Карцином | Бенигнен мозочен тумор |
| Хронично заболување на бубрезите | Кома |
| Трансплантација на органи | Загуба на екстремитети |
| Парализа (одземеност) | Тешка траума (повреда) на главата |
| Слепило | Тешки изгореници |
| Замена на срцеви залистоци (валвули) | Глувост (загуба на слухот) |

Кај ова осигурително покритие постои **каренца**, односно време на чекање. Тоа значи дека осигурителното покритие за сите болести почнува **по истек на три месеци** сметајќи од денот кој е наведен на полисата како почеток на осигурување.

Рокот од три месеци на каренца започнува одново да тече:

- При секое реактивирање на договорот за осигурување (сторниран или капитализиран)
- При секое зголемување на осигурениот износ, само за зголемениот дел од осигурениот износ и тоа од денот кога е извршено зголемување на осигурениот износ.

| **Договарач на осигурување:** | Секое правно или физичко лице со наполнети 18 години живот |
|---|---|

| **Пристапна старост на осигуреник** | | |
|---|---|---|
| Долна граница на пристапна старост | | 15 години |
| Горна граница на пристапна старост | Без направен лекарски преглед | 55 години |
| | Со направен лекарски преглед | 60 години |
| Горна старосна граница за истек на осигурување | | 70 година |

| **Траење на осигурување** | |
|---|---|
| Минимално траење на осигурување | 10 години |
| Максимално траење на осигурување | 40 години |
| Максимално траење на плаќање на премија | Не подолго од договореното траење на осигурувањето |

| **Ограничувања за премија** | |
|---|---|
| Минимална годишна премија | 250 € |

| **Начин на плаќање на премија** | **Минимална годишна премија** | **Доплата за плаќање на премија на рати** |
|---|---|---|
| Годишно | 250 € | без доплата |
| Полугодишно | 350 € | 2% |
| Квартално | 550 € | 4% |
| Месечно* | 550 € | 6% |

**Забелешка: Месечно плаќање на премија е дозволено само во случај кога договарач на осигурувањето е правно лице.*

| **Ограничувања за осигурени износи** | | | |
|---|---|---|---|
| Минимален осигурен износ | | | 1.000 € |
| Максимален осигурен износ | Без направен лекарски преглед | до 50 години | До 34.999 € |
| | | од 51 до 55 години | До 19.999 € |
| | Со направен мал лекарски преглед | | Од 35.000 € до 74.999 € |
| | Со направен голем лекарски преглед | | Од 75.000 € до 150.000 € |

*Напомена: Лицата постари од 51 година кои сакаат да договорат осигурен износ поголем од 19.999 € мораат да направат лекарски прегледа кој е наведен за износ од 35.000€ до 74.999 €.*

Мал лекарски преглед се бара и во случај на осигуреник со пристапна старост од 56 до 60 години за осигурен износ до 74.999 €.

| **Содржина на лекарски преглед** | |
|---|---|
| Мал лекарски преглед | - Комплетна крвна слика (KKS-SE), GUK<br>- Урина комплетна<br>- EKG на срце<br>- RTG на бели дробови |
| Голем лекарски преглед | - Комлетна крвна слика (KKS – SE), GUK<br>- Комплетна урина<br>- EKG на срце<br>- RTG на бели дробови |

- UREA
- AC URICUM (киселина во мокрача)
- Креатинин
- Билирубин
- AST
- ALT
- GAMA – GT
- Триглицериди
- Холестерол
- HIV тест (не постар од 8 дена)

Во случај еден осигуреник да има повеќе од една полиса, покрај индивидуалните ограничувања по полиса, при полисирање на новата полиса се применуваат ограничувања за лекарски прегледи кои важат за збирот на осигурените суми од двете полиси.

Кај ГДД1 тарифата дозволена е променлива **индексација**, односно прилагодување на осигурената сума во согласност со статистичките податоци за индексот на трошоците за живот во Австрија. Прилагодувањето на осигурената сума се врши ако порастот на трошоците за живот од почетокот на траењето на осигурувањето, односно од последното прилагодувањето на осигурената сума е поголем од 5% и предизвикува пораст на премијата поголем од 5%. Во согласност со зголемувањето на осигурената сума се врши и зголемување на премијата за осигурување за наредниот период на траење на договорот за осигурување.

Ако е склучено и дополнително осигурување за случај на смрт, осигурениот износ за дополнителното осигурување се зголемува во согласност со зголемените осигурени износи за основното осигурување на живот.

Договарачот на осигурувањето може да договори индексација во моментот на склучување на договорот за осигурување или за времетраење на договорот за осигурување, но најдоцна пет години пред истек на договорот. Индекс може да се вклучи само ако осигурениот износ е поголем од **3.500 евра**.

Договарачот може да побара укинување на индексацијата во секое време, при што промените почнуваат да важат со почетокот на следната платежна година. Индексација не се пресметува:

- Ако договарачот на осигурувањето не договорил клаузула за индексација;
- Последните пет години од траење на договорот;
- Ако осигурувањето е целосно ослободено од плаќање на премија (капитализација)

Договарачот за времетраење на осигурувањето ги има следните можности за промени на договорот:

- Промена на лични податоци – во секое време
- Промена на корисници на осигурување – во секое време
- Промена на начин на плаќање – на почеток на платежна година (скаденца)
- Зголемување на осигурен износ – на почеток на платежна година (скаденца)
- Намалување на осигурен износ (делумна капитализација) – на почеток на платежна година (скаденца)
- Капитализација (осигурување ослободено од плаќање премија) - по истек на една десетина од траење на осигурувањето или истек ан три години за осигурување случено на повеќе од 30 години, ако за тој период се платени премиите во целост. Висината на капитализирананиот осигурен износ се пресметува врз основа на техничките основи на тарифата и не смее да биде помал од 230 евра.
- Аконтација - по истек на третата година од траење на осигурувањето можна е аконтација по полиса. При аконтација може да се исплати највеќе до 80% од откупната вредност. Каматата на аконтацијата се пресметува од износот на аконтацијата со каматна стапка согласно Одлука за висината на каматната стапка.

- Реактивација – ако полисата е сторнирана (не е исполнет услов за капитализација), договарачот на осигурувањето има право на реактивација најдоцна до три години од моментот на сторно, при што мора да се доплатат сите заостанати премии до моментот на реактицација. Ако полисата е капитализирана, договарачот на осигурувањето има две опции:
    - да ја реактивира полисата со доплата на заостанатите премии, при што се враќа на почетниот осигурен износ. Ова може да се направи најдоцна три години од моментот на капитализација.
    - да ја реактивира со пауза при што се пресметува нов осигурен износ, а капитализираниот износ останува непроменет. Ова може да се направи во било кое време.

  Во секој од случаите потребно е да се пополни изјава за здравствена состојба.
- Откуп – по истек на 3 години, ако за тој период е платена премијата во целост. Откупната вредност се пресметува врз основа на техничките основи на тарифата.

### Дополнителни осигурувања по тарифа ГДД1

**УТЗ** - Тарифата ГДД1 се продава во пакет заедно со дополнително осигурување во случај на смрт како последица од несреќен случај (ГДД1 + УТЗ). Во случај на смрт од последици на несреќен случај на осигуреникот, на корисникот или корисниците се исплаќа двојно поголем осигурен износ (еден од основното осигуување и еден од дополнителното осигурување). Премијата од дополнително осигурување во случај на смрт од последици на несреќен случај е веќе пресметана во вкупната премијата за пакетот за осигурувањето на живот. Дополнително објаснување за УТЗ тарифата е дадено во прилог на овој документ.

**УИ** – Со тарифата ГДД1 може да се вклучи и дополнително осигурување од инвалидност како последица на несреќен случај незгода (УИ). Ако дојде до траен инвалидитет како последица на несреќен случај, се исплаќа онолку проценти од осигурениот износ за случај на инвалидитет колку што е инвалидитетот утврден во проценти. Дополнително објаснување за УИ тарифата е дадено во прилог на овој документ.

**АУЗ** - Со тарифата ГДД1 може да се вклучи и дополнително осигурување за ослободување од плаќање премија за време на работна неспособност (АУЗ), во согласност со условите кои важат. Премијата за АУЗ завршува најкасно со навршени 50 години живот на осигуреникот. Дополнително објаснување за АУЗ тарифата е дадено во прилог на овој документ.

**За сите отстапувања од горенаведените ограничувања, а кои се во рамките на техничките основи на соодветната тарифа и максималното покритие согласно Програмата за реосигурување, потребно е посебно одобрување од директорот.**

## ПАКЕТ ГРАВЕ ИНВЕСТ

Тарифа ФЛД1 – Осигурување на живот поврзано со инвестициски фондови во случај на смрт и доживување

Покриени ризици:

- **Во случај на доживување се исплаќа**:
  вредноста на инвестициската сметка = број на удели * вредност на уделот
- **Во случај на смрт се исплаќа поголемата од следниве две вредности**:
  - гарантираната сума за смрт (ГСС)
  - моменталната вредност на инвестициската сметка + ризико сумата (5% од ГСС)

Привремено покритие кое трае 6 недели од почетокот на осигурителното покритие, е еднакво на договорената гарантирана сума во случај на смрт, но не може да изнесува повеќе од 14.500 евра.

**Гарантирана сума за случај на смрт (ГСС)** е гарантиран износ што го исплаќа осигурителот при настапување на осигурен случај (смрт на осигуреникот). Гарантираната сума за случај на смрт е минимална обврска на осигурителот. Во случај на смрт на осигуреникот, на корисниците им се исплаќа најмалку износот на договорената сума за случај на смрт и може да биде 10% или 100% од збирот на премиите.

| **Договарач на осигурување:** | Секое правно или физичко лице со наполнети 18 години живот |
|---|---|

| **Пристапна старост на осигуреник** | |
|---|---|
| Долна граница на пристапна старост | 15 години |
| Горна граница на пристапна старост | 65 години |
| Горна старосна граница за истек на осигурување | 81 година |

| **Траење на осигурување** | |
|---|---|
| Минимално траење на осигурување | 10 години |
| Максимално траење на осигурување | 45 години |
| Максимално траење на плаќање на премија | Не подолго од договореното траење на осигурувањето |

| **Ограничувања за премија** | |
|---|---|
| Минимална годишна премија | 250 € |
| Минимална месечна рата | 20,83 € |
| Подлабока анализа на договарачот на осигурување | За договорена премија поголема од 1.000 € |

*Забелешка: Премијата по оваа тарифа може да се плаќа годишно или на рати* ***без доплата*** *за плаќање на рати.*

| **Ограничувања за максимален надомест** | | | |
|---|---|---|---|
| Максимален надомест во случај на смрт | Без направен лекарски преглед | Пристапна старост до 60 години | 59.999 € |
| | | Пристапна старост од 61 до 65 години | 29.999 € |
| | Со направен лекарски преглед | 315.000 € (според максималното покритие од Програмата за реосигурување) | |

Границата над која е потребен лекарски преглед се одредува во согласност со висината на гарантираната сума во случај на смрт (ГСС).

**Граници за лекарски преглед**

| **Пристапна старост до 60 години за ГСС:** | |
|---|---|
| од 60.000 ЕУР до 90.000 ЕУР | - Мал лекарски преглед |
| од 90.001 ЕУР до 180.000 ЕУР | - Среден лекарски преглед<br>- Прашалник за финансиски ризик |
| од 180.001 ЕУР до 315.000 ЕУР | - Голем лекарски преглед<br>- Голем лекарски извештај<br>- Прашалник за финансиски ризик<br>- Длабинска анализа на договарачот на осигурување и осигуреникот |
| **Пристапна старост од 61 година до 65 години за ГСС:** | |
| од 30.000 ЕУР до 60.000 ЕУР | - Мал лекарски преглед |
| од 60.001 ЕУР до 180.000 ЕУР | - Среден лекарски преглед<br>- Прашалник за финансиски ризик |
| од 180.001 ЕУР до 315.000 ЕУР | - Голем лекарски преглед<br>- Голем лекарски извештај<br>- Прашалник за финансиски ризик<br>- Длабинска анализа на договарачот на осигурување и осигуреникот |

| **Содржина на лекарскиот преглед** | |
|---|---|
| Мал лекарски преглед | - Комлетна крвна слика (KKS – SE)<br>- GUK<br>- Урина комплет<br>- EKG на срце |
| Среден лекарски преглед | - Мал лекарски преглед<br>- UREA<br>- AC URICUM (киселина во мокрача)<br>- Креатинин<br>- Билирубин<br>- AST<br>- ALT<br>- GAMA – GT<br>- Триглицериди<br>- Холестерол<br>- HIV тест (не постар од 8 дена) |
| Голем лекарски преглед | - Мал лекарски преглед<br>- Среден лекарски преглед<br>- Ергометрија |

Во случај еден осигуреник да има повеќе од една полиса, покрај индивидуалните ограничувања по полиса, при полисирање на новата полиса се применуваат ограничувања за лекарски прегледи кои важат за збирот на осигурените суми од двете полиси.

Кај Граве ИНВЕСТ тарифата дозволена е фиксна или променлива **индексација,** односно прилагодување на осигурената сума, по избор на договарачот на осигурување. Прилагодувањето на осигурената сума се врши секоја година со фиксен пораст од 2% или периодично кога порастот на трошоците за живот е поголем од 5% (во согласност со статистичките податоци за индексот на трошоците за живот во Австрија). Во согласност со зголемувањето на осигурената сума се врши и зголемување на премијата за осигурување за наредниот период на траење на договорот за осигурување. Договарачот на осигурувањето може да договори индексација во моментот на склучување на договорот за осигурување или за

времетраење на договорот за осигурување, но само ако осигурениот износ е поголем од **4.000 евра**.

Ако е склучено и дополнително осигурување за случај на смрт, осигурениот износ за дополнителното осигурување се зголемува во согласност со зголемените осигурени износи за основното осигурување на живот.

Договарачот на осигурувањето може да договори индексација во моментот на склучување на договорот за осигурување или за времетраење на договорот за осигурување, но најдоцна пет години пред истек на договорот. Индекс може да се вклучи само ако осигурениот износ е поголем од **4.000 евра**.

Договарачот може да побара укинување на индексацијата во секое време, при што промените почнуваат да важат со почетокот на следната платежна година. Индексација не се пресметува:

- Ако договарачот на осигурувањето не договорил клаузула за индексација;
- Последните пет години од траење на договорот;
- Ако осигурувањето е целосно ослободено од плаќање на премија (капитализација)

Договарачот, за времетраење на осигурувањето, ги има следните можности за промена на договорот:

- Промена на лични податоци – во секое време
- Промена на корисници на осигурување – во секое време
- Промена на начин на плаќање – на почеток на платежна година (скаденца)
- Зголемување на осигурен износ – на почеток на платежна година (скаденца)
- Намалување на осигурен износ (делумна капитализација) – на почеток на платежна година (скаденца)
- Капитализација - по истек на 3 години, ако за тој период е платена премијата во целост и вредноста на инвестициската сметка изнесува најмалку 500 евра. За време на капитализацијата, осигурителот на месечна основа ќе ја намалува инвестициската сметка на договарачот на осигурување, за износот на трошоците.
- Откуп – по истек на 3 години, ако за тој период е платена премијата во целост. Откупната вредност изнесува 97% од вредноста на инвестициската сметка. По исклучок, во последните три години откупната вредност изнесува 100% од вредноста на инвестициската сметка. Вредноста на инвестициската сметка претставува производ на бројот на удели и вредноста на уделите.

| **Не е дозволено** | |
|---|---|
| Реактивација | Не |
| Аконтација | Не |

### Дополнителни осигурувања по тарифа Граве ИНВЕСТ

**УТЗ** – Со тарифата ГРАВЕ ИНВЕСТ може да се вклучи и дополнително осигурување во случај на смрт како последица од несреќен случај, со избор на еден од пакетите прикажани подолу.

| Покритие | Осигурен износ | Нето премија |
|---|---|---|
| Осигурена сума за случај на смрт како последица од несреќен случај | 5.000 € | 7,5 € |
| | 10.000 € | 15,0 € |
| | 15.000 € | 22,5 € |

**УИ** – Со тарифата ГРАВЕ ИНВЕСТ може да се вклучи и дополнително осигурување од инвалидност како последица на несреќен случај незгода (УИ). Ако дојде до траен инвалидитет како последица на несреќен случај, се исплаќа онолку проценти од осигурениот износ за случај

на инвалидитет колку што е инвалидитетот утврден во проценти. Премијата за **дополнително осигурување** може да се плаќа годишно или на рати **со доплата** за плаќање на рати. Дополнително објаснување за УИ тарифата е дадено во прилог на овој документ.

**КОДЗ** – Со тарифата ГРАВЕ ИНВЕСТ може да се вклучи и дополнително осигурување за хируршка интервенција (операција) во случај на незгода или болест. Во случај на потреба од хируршка интервенција при незгода или болест на осигуреникот, се исплаќа договорен процент од осигурениот износ утврден врз основа на Табелата на хируршки интервенции. Дополнително објаснување за КОДЗ тарифата е дадено во прилог на овој документ.

**За сите отстапувања од горнавеите ограничувања, а кои се во рамките на техничките основи на соодветната тарифа и максималното покритие согласно Програмата за реосигурување потребно е посебно одобрување од директорот.**

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ОСИГУРУВАЊА

**Правила кои важат за сите дополнителни осигурувања:**

- Откуп на дополнително осигурување не е можен
- При капитализација на основното осигурување, дополнителното осигурување се укинува
- Дополнителното осигурување е без право на учество во добивка

### УТЗ - Дополнително осигурување во случај на смрт како последица од несреќен случај

**Тарифи со кои може да се вклучи УТЗ: ГАД1, ГАД1СЛ, РАД1, ЕЛИТЕ 20 ПЛУС, СМАРТ, КИДС, ИНВЕСТ**

Дополнително осигурување во случај на смрт како последица од несреќен случај се договара со осигурување на живот и трае најдолго до престанок на времетраењето на основното осигурување на живот. Во случај на настапување на смрт на осигуреникот од последица на несреќен случај за времетраење на осигурувањето, а пред навршување на 75. години живот, покрај осигурената сума за животното осигурување се надоместува и договорената осигурана сума од дополнителното осигурување во случај на смрт како последица од несреќен случај.

Договорената осигурана сума за УТЗ, соодветно по тарифа е прикажана во следната табела:

| Тарифа | Осигурена сума во случај на смрт како последица од несреќен случај |
|---|---|
| ГАД1, РАД1, ЕЛИТЕ | Договорена сума за основно осигурување |
| ГАД1 СЛ | Двојна договорена сума за основно осигурување |
| СМАРТ | Договорената сума за основно осигурување, но највеќе до 5.000 € |
| КИДС | 2.500 € |
| ИНВЕСТ | Избор на осигурена сума од 5.000 €, 10.000 € или 15.000 € |

## УИ Дополнително осигурување од инвалидност како последица од несреќен случај

**Тарифи со кои може да се вклучи АУЗ: ГАД1, ЕЛИТЕ 20 ПЛУС, СМАРТ, КИДС, ИНВЕСТ**

Дополнително осигурување од инвалидност како последица од несреќен случај се договара со основно осигурување на живот и трае најдолго до престанок на времетраењето на основното осигурување на живот. Дополнителното осигурување може да биде договорено и во текот на времетраењето на осигурувањето на живот и да престане пред истекот на осигурувањето на живот.

Покриени ризици:

- **Во случај на инвалидност се исплаќа:**
  процент од осигурениот износ кој се утврдува како степен на инвалидност
- **Во случај на лечење во болница заради последици од несреќен случај се исплаќа:**
  Болничка дневница за секој ден престој во болница

Сите овие покритија важат само ако се последица на несреќен случај.

Фиксни комбинации:

| Покритие | Осигурен износ | Болничка дневница | Нето премија |
|---|---:|---:|---:|
| УИ1 | 9.100 € | 6 € | 25€ |
| УИ2 | 18.125 € | 12€ | 50€ |
| УИ3 | 27.200 € | 18€ | 75€ |
| УИ4 | 36.250 € | 24€ | 100€ |
| УИ5 | 22.000 € | 15€ | 62€ |
| УИ6 | 44.000 € | 30€ | 123€ |

Избор на УИ согласно годишна премија за основно осигурување:

| Премија за живот | Премија за незгода |
|---|---:|
| Премија од 250 € | УИ највеќе 50 € |
| Премија од 350 € | УИ највеќе 62 € |
| Премија од 400 € | УИ највеќе 75 € |
| Премија од 500 € | УИ највеќе 100 € |
| Премија од 550 € | УИ највеќе 123 € |

Премијата за **дополнително осигурување** може да се плаќа годишно или на рати **со соодветна доплата** за плаќање на рати.

| Начин на плаќање | Доплата за премија за дополнително осигурување |
|---|---:|
| Годишно | Без доплата |
| Полугодишно | 2% |
| Квартално | 4% |
| Месечно | 6% |

## АУЗ Дополнително осигурување за ослободување од плаќање на премија за време на работна неспособност

**Тарифи со кои може да се вклучи АУЗ: ГАД1СЛ, ЕЛИТЕ 20 ПЛУС,**

Дополнително осигурување за ослободување од плаќање на премија за време на работна неспособност се договара со осигурување на живот во случај на смрт и доживување. Дополнителното осигурување може да биде договорено само доколку осигуреникот за време на договарањето е во работен однос и нема повеќе од 50 години живот. Плаќањето на премијата за дополнително осигурување завршува со навршени 50 години живот на осигуреникот.

Ако осигуреникот во текот на траењето на обврската за плаќање на премијата и пред навршени 50 години живот стане работно неспособен, тогаш од денот кој следи после 42-дневна непрекината работна неспособност договарачот на осигурување го ослободува од плаќање на премијата за главното и дополнителното осигурување за целиот период на траење на работната неспособност.

**Тарифи со кои може да се вклучи РДДЗ: ГАД1, ГАД1СЛ**

Дополнителното осигурување на живот во случај на настанување на одредени тешки болести се договара исклучиво со мешовито осигурување на живот во случај на смрт и доживување. Дополнителното осигурување во случај на настанување на одредени тешки болести може да биде договорено со или без лекарски преглед. Во случај на настанување на тешки болести може да бидат осигурани само здрави лица со навршени 15 до навршени 60 години живот. Истекот на ова дополнително осигурување мора да биде во 65 година од животот на осигуреникот. Се смета дека осигурен случај настанал доколку осигуреникот преживее најмалку 30 дена од денот кога лекарот специјалист ја потврдил дијагнозата за одредена тешка болест. Ако осигуреникот умре во рок од 30 дена тогаш не постои покритие за настанување на една од одредените тешки болести. Во тој случај покритието е можно само од главното осигурување. Со настанување на една од одредените тешки болести престанува осигурителното покритие за ова дополнително осигурување.

Листа на опфатени дваесет тешки болести:

| **Тешка болест** | |
|---|---|
| Срцев инфаркт | Замена на срцеви залистоци (валвули) |
| Бајпас операција на коронарни артерии | Бенигнен мозочен тумор |
| Карцином | Кома |
| Мозочен удар | Хронично заболување на црниот дроб |
| Хронично заболување на бубрезите | Терминална хронична опструктивна болест на белите дробови |
| Трансплантација на органи | Загуба на екстремитети |
| Мултипла склероза | Тешка траума (повреда) на главата |
| Парализа (одземеност) | Тешки изгореници |
| Слепило | Губење на гласот и функција на говорот |
| Операција на аорта | Глувост (загуба на слухот) |

**Тарифи со кои може да се вклучи КОДЗ: ГАД1, ГАД1СЛ, РАД1, СМАРТ, ИНВЕСТ**

Дополнителното осигурување за хируршка операција - тарифа КОДЗ, обезбедува финансиска независнот и првокласна заштита во случај на потреба од хируршка операција при незгода или болест на осигуреникот.

Видот и висината на исплатата на осигурувањето се договорно утврдени, независно од реалните трошоци за лекување и престој во болница. Се исплаќа договорен процент од осигурениот износ утврден врз основа на Табелата на хируршки интервенции (операции) за тарифа КОДЗ.

Пристапна старост на осигуреното лице при склучување на Дополнителното осигурување е од навршени 15 до навршени 60 години живот. Горната старосна граница за истек на Дополнителното осигурувањето е 65 години.

Траењето на Дополнителното осигурување е десет години, без право на предвремено раскинување. По истек на 10 години може повторно да се вклучи Дополнителното осигурување КОДЗ, со пополнување на нов прашалник, при што истото може да трае не помалку од 5 години и не повеќе од 10 години, но најмногу до истек на основното животно осигурување.

Периодот на чекање (каренца) е 3 месеци. Периодот на чекање не се однесува во случај на хируршка интервенција како резултат на несреќа или некои акутни заразни болести наведени во посебните услови за тарифа КОДЗ.

| **Осигурен износ според основното осигурување** | **Осигурен износ за операција** | **Годишна премија за лица со пристапна старост до 45 години** | **Годишна премија за лица со пристапна старост над 45 години** |
|---|---|---|---|
| до 3.000 € | 1.500 € | 34,25 € | 54,78 € |
| од 3.000 € до 5.000 € | 3.000 € | 68,49 € | 109,56 € |
| над 5.000 € | 5.000 € | 114,15 € | 182,60 € |